**РЕГИОНАЛНА КОНФЕРЕНЦИЈА ВО БЕЛГРАД – МАЈ 2015 ГОДИНА**

Регионална конференција на ревизорски тела за ревизија на ИПА се одржа во Белград на 28 и 29 мај 2015 година, во организација на Канцеларијата за ревизија на системот за управување со средствата на ЕУ во Србија.

На Конференцијата учествуваа претставници од ревизорските тела од Албанија, Хрватска, Унгарија, Македонија, Црна Гора, Романија, Србија и Турција, како и претставници на Европската комисија – генерални директорати AGRI, EMPL, NEAR, REGIO и на Европскиот суд за ревизори и беа опфатени разни теми.

Главниот ревизор за ИПА и Помошникот на Главниот ревизор за ИПА (ПГРИПА) за компонентата ИПАРД земаа учество како претставници од Ревизорското тело во Република Македонија. Во презентацијата која ја изврши ПГРИПА беше направена паралела помеѓу ИПА I програмирачкиот период 2007-2013 година и IPA II програмирачкиот период 2014-2020 година во поглед на правната рамка и задачите и одговорностите на Ревизорското тело, како и главните ризици и ревизорски наоди извлечени од досегашната ревизорска активност во рамките на ИПА I.

Претставниците од генералните директорати направија презентации на следните теми: DG AGRI - Ревизорското тело: партнер на DG AGRI; независност; компетентност и избегнување на одлив на вработени итн. DG EMPL – Научени лекции од ИПА 2007-2013: градење на ревизорско уверување; подготовка за затворање на програма; подготовки за наредниот период. DG NEAR – искуствата на ревизорските тела во ИПА I (2007-2013) и подготовка/главни предизвици за ИПА II (2014 - 2020); DG REGIO - градење на процесот на уверување; економско управување после финансиски кризи: ЕУ и националните економски политики. Европски суд на ревизори (ЕСР) – ревизорски активности за ИПА, организација на ЕСР – кој врши ревизија на ИПА? Соработка со земјите во развој, предпристапни и соседски политики итн. и техничка помош на земјите опфатени со ИПА.